МЕПСО
МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР

# ЕНЕРГЕТСКА ПОЛИТИКА

# НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА МАКЕДОНИЈА

**Оператор на електропреносниот систем на Македонија како компанија за вршење на дејност од јавен интерес пренос на електрична енергија и управување со стабилен и доверлив електроенергетски систем превзеде обврска да ја спроведува и постојано да ја унапредува Енергетската политика согласно барањата на стандардот МКС EN ISO 50001:2011, и да ги согледува сите нејзини аспекти при донесување на долгорочните стратешки цели. Оператор на електропреносниот систем на Македонија се залага за континуирано подобрување на енергетската ефикасност и заштедите на енергија каде е тоа возможно и применливо, а при тоа не нарушувајќи ги работните процеси и работење. Оператор на електропреносниот систем на Македонија ја препознава потребата за подигнување на свеста и промена на односот кон одговорно користење на енергијата, во контекст на заложбите за намалување на емисиите на штетни гасови во животната средина и подигање на свесноста за значењето на заштитата на животната средина.**

**Од овие причини определбата на Оператор на електропреносниот систем на Македонија е воведување на процеси со висока енергетска ефикасност и најмодерни технологии докажани во практиката, набавка и користење на опрема и уреди со висока енергетска ефикасност, рационално користење на енергијата во погон и експлоатација на опремата и уредите, како и промовирање на заштеди на енергија во сите дејности и процеси во компанијата.**

**Во таа насока се обврзуваме на почитување на следните принципи :**

- **Посветеност на раководството за континуирано унапредување на Системот за менаџмент на енергија EnMS,**
- **Подигање на свеста, одговорноста и максимална посветеност на сите вработени во процесите на имплементација, одржување, подобрување и преиспитување на нашиот Систем за менаџмент на енергија EnMS,**
- **Подигнување на свеста на нашите клиентите по прашањето на енергетската ефикасност и заштедата на енергија,**
- **Обуки и едукација на вработените за значењето на енергетската ефикасност и заштедите на енергија,**
- **Ставање на располагање на сите расположиви ресурси со цел подобрување на енергетскта ефикасност и заштедите на енергија,**
- **Примена на законската регулатива која се однесува на употреба на енергија и енергетска ефикасност,**
- **Придонес кон националната политика за енергетска ефикасност и заштеди на енергија како и кон глобалната борба против климатските промени,**

**Сите вработени во Оператор на електропреносниот систем на Македонија се должни да ја спроведуваат Енергетстака политика.**

**Скопје**
**07.06.2016**

**Генерален директор**
**м-р Синиша Спасов**